## БРИШАН ПРОСТОР

**Секоја работа, па и оваа со скандалот во врска со уметничкото дело изложено на улица, како билборд, може да се гледа и од ведрата страна. Може да се тешиме дека навистина не е сè толку црно како што изгледа или да се повикаме на сознанието до кое, на крајот од патот, дошол големиот унгарски и светски скитник Тибор Дери: ако се најдете себеси, може и во пеколот да се смеете.**

Пишува **Злате Лозановски**

*Цензура и автоцензура деновиве се најчесто употребуваните зборови, а по повод загрозеното право на слободно изразување. Прво, во медиумите, со казните за новинари, уредници и газди за клевета и навреда, потоа во ликовната уметност со отстранувањето-уништувањето дело, што асоцира на чудото со самопрочистувањето на фреските во „Св. Димитрија“ (се гледаат фигури со светли ореоли и средство што ги чисти и најнедостапните површини). Далеку од тоа дека работата е за смеење, но не е ни пекол каков што не сме виделе.*

*Последниве шеесетина години власта ги примени сите можни средства за чистење - идеолошко, верско, политичко, па и физичко. Перењето мозоци е единствената дејност што не познава ни криза ни стагнација. Напротив, не се штедат пари за производство и за увоз на најсовремени средства, на чиј гарантен лист пишуваше дека ги чистат и најнедостапните површини од свеста на граѓаните. До осамостојувањето на земјава цензорите беа јавни. Насекаде имаше контролни пунктови - комисии за подобност, уредници во медиумите и во издавачките куќи, мрежи од теренци-кодоши, дури и закон за заштита на ликот и делото на големиот Водач. Кога цензорот ќе го вклучеше алармот за општа опасност, тоа беше и знак за надеж. Значеше дека има некои - а тоа беа, главно, уметници и интелектуалци (за среќа, не толку во СРМ) - со не докрај исчистена свест и совест. Системот, за жал, тргнуваше целосно да ги исчисти. Нивните дела поминаа подобро: дочекаа да бидат пуштени.*

*Во овие дваесетина години, освен што се осамостои, ништо битно не се смени: пералницата работи 24/7. Цензурата е само формално забранета, тајната на цензорите гарантирана (некои женски организации, некои верници...), а средствата за чистење (реклами, закани, уцени...) се пософистицирани. Да претпоставиме дека нашата реалност во детали се поклопува со најлошата слика за неа. Тоа значи дека живееме во тоталитарен систем, уште повеќе - во деспотија, во која слободата на мислење и изразување е сведена на минимум или воопшто ја нема; дека владетелот го има и првиот и последниот збор; дека тој е и закон, и обвинител, и судија; дека секој што мисли со своја глава не ѝ мисли добро, накусо - пекол. Кога во вакви услови НЕКОЈ ќе цензурира НЕЧИЕ дело, тогаш тоа треба да значи дека има делови (навистина поединци) недостапни на средството за чистење, дека креативноста е посилна од автоцензурата, дека контролата не е тотална и, конечно, знак дека има надеж.*

*Многу поголем проблем е што ние - и медиумите, и уметниците, и културата воопшто - ниту се бараме ниту се најдовме себеси, како дејности. Тоа станува толку потешко, колку што се надеваме власта да ни најде решенија. (А, таа, се разбира, како во вицот: правев, правев за тебе, едвај направив за себе). Тој пекол е вистинскиот. Но, можеби, не е сè изгубено: кој последен се смее, најслатко се смее, рече последниот Мохиканец.*



**Предмети од метал**
Во Музејот на Македонија е поставена изложбата „Традиционални предмети од метал“. Претставени се предмети што се изработени од различни метали, а наоѓале примена во секојдневниот живот на овие простори. Автор на концепцијата за изложбата е Дарко Кржовски, виш кустос во Етнолошкиот оддел при Музејот на Македонија.



# Систем во културното

**Долгогодишната приказна на „Скопско лето“ помина низ неколку фази на трансформација, но, сепак, ја задржа својата основна карактеристика - да го гради културниот дух во Скопје**

Пишува **Тони Димков**

Уште како дете се сеќавам дека во летните вечери често се упатував во Градскиот парк, со надеж дека, можеби, во стариот напуштен „Кермес“ ќе има некаква претстава. Тогаш сè уште не знаев дека сите летни претстави или концерти во паркот биле дел од програмата на „Скопско лето“. Културната манифестација, која ги откриваше и сè уште ги оживотворува скриените катчиња на градот, веќе 33 години ги исполнува врелите скопски ноќи со пријатна културна свежина. „Како градители на културни-



17 музички групи ја создадоа музиката за филмот „Скопје ремикс“. Дел од нив ќе настапат на фестивалот на „ПМГ рекордингс“ на 30 јуни. Филмот, пак, е номиниран за „Бауер“ - награда за најдобар регионален филм за 2012 година, што се доделува на Филмскиот фестивал во Мотовун, Хрватска.



**Нова свита на „Penelope X“**

Во своето старо музичко ателје кај „Мечкаров“ членовите на „Penelope X“, од 26 до 30 јуни, ќе реализираат музичка работилница со идеја да создадат нова музичка свита под тематски наслов „Director's cut“. „Penelope X“ се Бранислав Николов, Гоце Јовановски, Пеце Трајковски и Марјан Станиќ од „Фолтин“, Гоце Стевковски, Џијан Емин и клучната фигура – Никола Коџабашија.

# Културен свет

КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА „СКОПСКО ЛЕТО“



## о живеење



**Благица Сливоска**

**Дирекцијата за култура и уметност е една од ретките културни институции што им дава можност на младите да ги покажат своите креативни можности. „Скопско лето“ ми значи многу, бидејќи можам да го видам процесот на изготвување на програмата и да стекнам искуство од различни бранши. Посебно ми е драго што работам тука, бидејќи екипата што работи во Дирекцијата е полна со ентузијазам.**

от живот во градот носевме неколку проекти и манифестации, меѓу кои прославата на Нова година, 'Блуз-фестивалот', прославата на Денот на градот, 'Скопско лето', Есенските музички свечености", ме потсети Мирко Стефаноски, сегашен директор на манифестацијата.

Долгогодишната приказна на „Скопско лето“ помина низ неколку фази на трансформација, но, сепак, ја задржа својата основна карактеристика - да го гради културниот дух во Скопје. „Како Дирекција за култура и уметност, до 2001 година, бевме поддржани од Министерството за култура, односно од Градот Скопје, но од таа година сме независни и 'Скопско лето' го реализираме како проект, а не како градски службеници или како установа на Градот. Во текот на овие триесет и три години сите тие активности ги носиме како наша љубов, како наша животна и судбинска определба и ништо друго не работиме, освен тоа што го работиме. Немаме друга професионална определба, како што некои други создаваат палијативни проекти кои се појавуваат и згаснуваат. 'Скопско лето' стана систем на културно живеење и оттука се создаваат градската урбана култура и живот, а низ таа слоевитост и градската уметност. Така се создава спецификa и така се гради бренд. Никогаш не сме страдале од тоа да се прават невидени спектакли, ниту сме сакале околу нас да се прилепуваат појавни, ефемерни епитети. Многу ни е поважно граѓаните, особено помладата генерација, да го чувствуваат 'Скопско лето' како свое, дека му припаѓаат, дека редовно го следат, го анализираат, го поддржуваат, а тоа кажува дека е бренд“, потенцира Стефаноски.

Чувствувајќи го како своја единствена и трајна животна определба, „Скопско лето“ го создаваат и постојано го држат во добра кондиција шестмина од Дирекцијата за култура и уметност. Рецепт за одржување на манифестацијата е нивниот целодневен ангажман дополнет со долгогодишното искуство и многубројните контакти со македонски и со странски уметници, продуценти, новинари. Секогаш има и армија млади луѓе кои се вклучуваат во работата, со цел да го ревитализираат крвотокот при подготовките на „Скопско лето“.

Со мото „Урбана уметност“ годинава „Скопско лето“ се одржува од 21 јуни до 31 јули. Крајот ќе го означи концертот „Симфони“ на „Леб и сол“ со „Jeunesses moving orchestra“, додека почетокот го бележи настапот на Софиската филхармонија. „Отворањето со Софиската филхармонија е поради квалитетот и заради определбата за регионална европска интегративна програма Скопје – Софија – Ниш – Белград. Изразено ја потенцираме европската определба за регионална соработка, како и определбата за програми што се од блиското и од непосредното соседство, како што се програмите од Хрватска, Турција, Унгарија, итн. Ги задржуваме европските определби и со збратимените градови, како Нирнберг и Дрезден, а како европски програми тука е соработката со Данска, Италија, Шпанија, Чешка, Германија“, објасни Стефаноски.

На триесетина отворени локации, секоја вечер и годинава ќе се случуваат и театарски претстави, и концерти, и изложби, и филмски проекции и промоции. „Самиот факт дека од година в година 'Скопско лето' сè повеќе расте програмски, кажува дека навистина тоа ни е во срцата и дека и по толку години сè уште нè држат љубовта и ентузијазмот кон него. Тоа е причината на 40 степени Целзиусови, за 40 дена да успеваме да реализираме повеќе од 60 програми“, нагласи Анче Кузмановска од Дирекцијата за култура и уметност.

**ЧУВСТВУВАЈЌИ ГО КАКО СВОЈА ЕДИНСТВЕНА И ТРАЈНА ЖИВОТНА ОПРЕДЕЛБА, „СКОПСКО ЛЕТО“ ГО СОЗДАВААТ И ПОСТОЈАНО ГО ДРЖАТ ВО ДОБРА КОНДИЦИЈА ШЕСТМИНА ОД ДИРЕКЦИЈАТА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ**



**Мирко Стефаноски**

**Во целиот галијаматис на настани ние се обидуваме секоја програма да има причина зошто е поставена. Програмата се промислува, се договара, се прават подготовки. Иако паралелно во текот на годината ги правиме и „Блуз-фестивал“ и Есенски свечености и Матурска парада, сепак, „Скопско лето“ е толку комплексно така што е неопходно да се подготвува во текот на цела година.**



**Ната Кецкаровска**

**На почетокот на 33. издание ги покануваме граѓаните на Скопје и гостите што престојуваат во нашиот град да го проследат и ова „Скопско лето“, бидејќи тоа е концентрација на врвна уметност, дополнета со концентрација на голем ентузијазам и љубов кон уметноста од страна на екипата на „Скопско лето“, нашите добронамерни соработници и почитуваната публика.**